

ЗСРЕК "КРАП"

ФАТИ И ПУШТИ *ФАТИ И ПУШТИ*

Здружение Спортско Риболовен Еколошки Клуб "КРАП"-Виница
ИМЕ: ЗДРУЖЕНИЕ СПОРТСКО РИБОЛОВЕН ЕКОЛОШКИ КЛУБ "КРАП" - ВИНИЦА
АДРЕСА: УЛИЦА "БОРИС КИДРИЧ" БРОЈ 13, ВИНИЦА
ТЕЛЕФОН:070/670-879, 070/354-616
ЖИРО СМЕТКА: 300220000005748
ДЕПОНЕНТ: КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
ДАНОЧЕН БРОЈ: 4005999103185
e - mail: krap.vinica@t.mk

0403-11
09.11.26

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
Управни и административни органи
ВИНИЦА

Примено: 10.11.2026			
Орг.Един:	Број:	Прилог:	Вредност:
09	285/7		


ПРЕДМЕТ: БАРАЊЕ


ДО: ЕЛС ОПШТИНА ВИНИЦА

Здружение Спортско Риболовен Еколошки Клуб "КРАП" - Виница, е здружение на ентузијасти и спортски риболовци, формирано на 12.03.1999 година во Виница.

Во 2001 во 2003, а од 2009 па наваму континуирано се порибува секоја година, исто и оваа година треба да извршиме порибување за 2027г. Програмата за работа за тековната година како и извештаите за работата во претходната година навремено беа доставувани до МЗШВ и беа одлично оценети. Во текот на претходните година мора да се напомене дека на миниакумулацијата со наши средства поставивме сончеви волтаични панели кои понатаму ги искористивме за напојување на камерите кои се поставени на акумулацијата, а чија главна цел е обезбедување на езерото од рибокрадци. Беа изградени три Летниковци, две полски ВЦ-а, во 2025 на терасата поставивме прозори, кои служат за заштита од ветерот кој непрестојно дува на езерото. Овие објекти покрај спортските риболовци активно се користат и од самото месно население и од луѓето од целата општина. Во текот на целата година имаше организирано повеќе натпревари. Потребните средства ке бидат наменети за организација на традиционалниот турнир Гоце Петровски-Гишел и тековно одржување на ревирот, како и обезбедување на средства за рибочувар, за кој со новата риболовна концесија сме обврзани да му обезбедиме минимална плата плус осигурување, што дополнително ги зголемува нашите трошоци за одржување на риболовниот ревир Брегалница Винички.

Предвидени трошоци за натпревари	7 натпревари x 10.000	70.000 ден
Предвидени трошоци за рибочувар	12месеци x 10.000 ден.	120.000 ден.
Предвидени трошоци за порибување	150кг x 350 ден.	52.500 ден.
Предвидени трошоци за тековно одржување		40.000 ден.
	Вкупно:	**282.500 ден**





ЗСРЕК "КРАП"

ФАТИ И ПУШТИ *ФАТИ И ПУШТИ*

Здружение Спортско Риболовен Еколошки Клуб "КРАП"-Виница

Предвидени приходи од годишни дозволи	45 дозволи x 2.500 ден	112.500 ден.
Предвидени приходи од дневни дозволи	100 дозволи x 300 ден	30.000 ден
Предвидени приходи од натпревари	7 натпревари x 10.000 ден	70.000 ден
	Вкупно:	**212.500 ден**

282500-212500=70.000 ден

Поради планираните активности за текот на наредната 2027 година ни е потребна финансиска помош од **70.000 ден**

Затоа, Ве молиме во рамките на Вашите можности, да ни одобрите финансиски средства кои ќе бидат наменски искористени, пред се ќе бидат насочени кон порибување на миниакумулацијата со автохтони видови риби и за модернизирање на акумулација "Трстија" односно претворање на акумулацијата во Спортско Рекреативен Центар и организитање на клупски натпревар и меморијален куп Гоце Петревски- Гишел кој ке биде организиран на 28, 29, 30 Мај 2027 година, како и други спортски дружења кои ќе бидат организирани во текот на целата 2027 год.

Поради сето ова во прилог Ви го доставуваме ова БАРАЊЕ, со верување дека ќе ви ја прикажеме вистинската слика за активностите кои ќе ги превземаме во наредниот период.

Со почит,
09.11.2026 год.
Виница
Виница
Л

ЗСРЕК "КРАП" -

ПРЕТСЕДАТЕ

Марјан Иванов

ФАТИ И ПУШТИ *ФАТИ И ПУШТИ*